Врз основа на член 28 став 5 од Законот за инвестициски фондови ("Службен весник на РМ" бр.12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016), како и член 190 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр.95/05, ........ и бр.83/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12.09.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за кадровска, техничка и организациона оспособеност потребни за основање и работа на друштво за управување со инвестициски фондови**

**Член 1**

Во Правилникот за кадровска, техничка и организациона оспособеност потребни за основање и работа на друштво за управување со инвестициски фондови ("Службен весник на РМ" бр. 115/2009) во членот 3 став (2) алинеја 4 зборовите ,,*надлежниот суд*,, се заменуваат со зборовите ,,*надлежен орган*,,.

По став 2 се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

*(3) Доказот од став 2 алинеја 4 од овој член, Комисијата го прибавува по службена должност односно врши увид во доказот доставен од страна на странката.*

*(4) Странките задолжително даваат изјава со која ја овластуваат Комисијата во нивно име и за нивна сметка да ги користи доставените податоци во постапката за прибавување на потребните докази од други институции по службена должност.*

**Член 2**

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за кадровска, техничка и организациона оспособеност потребни за основање и работа на друштво за управување со инвестициски фондови.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Број 01-815/2**
**Скопје, 12.09.2019 година**

**Комисија за хартии од вредност**
**на Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**